Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

# Водич за странски студенти





## Почитувани студенти,

Ви посакувам добре дојде на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – вашиот мост кон инспиративното патување кон знаењето. Универзитетот е првиот и најстар универзитет во Република Северна Македонија, универзитет со повеќедецениска традиција, посветен на создавањето знаење, развојот на науката и воспитувањето на идните генерации.

Вашето пристигнување на УКИМ е дел од нашата долгогодишна определба за развивање на меѓународна соработка и градење отворена, современа и разновидна академска заедница. Веруваме дека размената на знаења, искуства и различни културни перспективи ја збогатува универзитетската средина и придонесува за развој на сите нејзини членови.

Овој водич е подготвен со цел да ви обезбеди корисни информации и практична поддршка во текот на вашиот престој – од академските можности и универзитетските услуги, до секојдневниот живот во Скопје и Република Северна Македонија. Нашата цел е да се чувствувате како дел од универзитетското семејство уште од првиот ден.

Ве поканувам да ги искористите сите можности што ги нуди УКИМ – да учите, да истражувате, да создавате нови пријателства и активно да придонесувате во академскиот живот. Убедена сум дека искуството стекнато на нашиот универзитет ќе биде важен дел од вашиот личен и професионален пат.

Ви посакувам успешни студии, инспиративни академски искуства и пријатен престој во нашата универзитетска и општествена заедница.

Добре дојдовте на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје!

Со почит,

Ректор
Проф. д-р Биљана Ангелова

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е првиот државен универзитет во Република Северна Македонија, основан во 1949 година, првично со три факултети.

Во моментов, Универзитетот претставува функционална заедница од 23 факултети, 5 научноистражувачки институти, 4 јавни научни установи – придружни членки, 1 придружна членка – друга високообразовна институција и 7 придружни членки – други организации.

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ развива студиски програми во сите научни области – природно-математички науки, техничко-технолошки науки, медицински науки и здравство, биотехнички науки, општествени науки, хуманистички науки и уметности.

Освен на факултетите, научноистражувачката работа се реализира и во независните истражувачки институти, кои претставуваат интегрален дел од Универзитетот.

Како водечка научноистражувачка институција во државата, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје реализира бројни проекти во областа на медицината, инженерството, информатичките технологии, природните науки, економијата, правото, земјоделството, хуманистичките науки и уметноста. Универзитетот постојано инвестира во развој на научната инфраструктура, иновациите и трансферот на знаење.

Визијата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е да израсне во универзитет со висока меѓународна репутација во областа на образованието и науката, како респектибилен член на семејството на европски универзитети.

## Мисија

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е автономна високообразовна и научноистражувачка институција, посветена на обезбедување квалитетно образование, научна извонредност и развој на иновациите во различни научни и уметнички области.

Универзитетот промовира еднакви можности за сите студенти, академска слобода, почитување на културната разновидност и доживотно учење, притоа следејќи ги европските стандарди во високото образование и научноистражувачката дејност.

Наставата на Универзитетот е организирана на 6 кампуси: кампус за општествени науки, кампус за технички науки, кампус за медицински науки, кампус за биолошко-биотехнички и природни науки, земјоделско-ветеринарен кампус и уметнички кампус.

Сликата за Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје може да се прикаже преку следниве податоци:

- вкупно 218 студиски програми од прв циклус студии (додипломски студии),

- вкупно 297 студиски програми од втор циклус студии (магистерски студии),
- вкупно 95 студиски програми од трет циклус студии (докторски студии).

## Број на запишани студенти:

| | |
|---|---|
| на прв циклус | 23 483 |
| на втор циклус (постдипломски студии) | 1 287 |
| на трет циклус (докторски студии) | 1 777 |

Денес, Универзитетот има образовано околу 134 600 дипломирани високообразовни кадри (со стекната диплома од прв циклус – додипломски студии), 13 800 кандидати со стекната магистерска или специјалистичка диплома и околу 4 000 кандидати со стекната докторска диплома од сите наставни и научни области.

Универзитетот организира спортски, уметнички, информативни, рекреативни и други активности што се организираат преку бројни здруженија, клубови и сл.

## Студирај, истражувај, патувај и поврзи се со светот!

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје им нуди на студентите можност да стекнат меѓународно искуство преку студиски размени, практична работа и учество во меѓународни образовни и научни проекти. Благодарение на широката мрежа на партнерски универзитети, студентите можат да го надградат своето образование и да развијат вештини во интернационална академска средина.

## Меѓународни партнерства

УКИМ соработува со бројни универзитети и научноистражувачки институции во Европа и во светот, создавајќи можности за студентска и академска мобилност, заеднички истражувања и размена на знаење.







## Активно студентско искуство

Покрај академските размени, студентите имаат можност да учествуваат во волонтерски програми, студентски организации, меѓународни конференции, натпревари и проекти кои придонесуваат за нивниот личен, професионален и интеркултурен развој.

## Отвори ги вратите кон светот!

Студирањето на УКИМ значи повеќе од стекнување диплома – тоа е можност да бидете дел од меѓународна академска заедница, да стекнете нови искуства, да создадете глобални пријателства и да ја изградите својата иднина без граници.

## Глобална мрежа на алумни

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје има богата и влијателна мрежа на алумни кои живеат и работат во Северна Македонија и низ светот. Како дипломци на најстариот и најголемиот универзитет во земјата, тие успешно градат кариери во науката, образованието, стопанството, јавната администрација, здравството, културата и меѓународните организации.

Алумните на УКИМ со гордост ја претставуваат својата alma mater, а знаењето,

вредностите и искуството стекнати за време на студирањето ги препознаваат како цврста основа за својот професионален и личен успех. Нивните достигнувања се доказ за квалитетот на образованието и традицијата на Универзитетот, инспирирајќи ги идните генерации студенти.




## ОД АПЛИКАЦИЈА ДО СТУДЕНТСКИ ИНДЕКС!

### Пријавување на кандидати:

### За кандидати на прв циклус студии

Студентите кои аплицираат на некоја од студиските програми за прв циклус студии се пријавуваат електронски, на следнава е-адреса: foreign.students@ukim.edu.mk

При пријавување, кандидатите доставуваат копија од:

- формуларот за пријавување (Form A1);
- оригинална диплома за завршено средно образование (заверена со апостил-печат или печат од надлежното Министерство за надворешни работи, за земји што не се членки на Хашката конвенција);
- оригинални свидетелства за секоја завршена година од средното образование;
- оригинален извод од матичната книга на родените;
- оригинален доказ за државјанство;
- годишно здравствено осигурување од матичната држава.

## За кандидати на втор циклус студии:

- оригинална диплома за завршено високо образование (заверена со апостил-печат или печат од надлежното Министерство за надворешни работи за земји што не се членки на Хашката конвенција);
- оригинална диплома за завршено средно образование (заверена со апостил-печат или печат од надлежното Министерство за надворешни работи за земји што не се членки на Хашката конвенција);
- оригинален извод од матичната книга на родените;
- оригинален доказ за државјанство;
- годишно здравствено осигурување од матичната држава.

## За кандидати на трет циклус студии:

- пријавен формулар со назначена студиска програма за која кандидатот се пријавува;
- почетна согласност од ментор од списокот на ментори;
- мотивациско писмо во кое е наведена областа на истражување;
- кратка биографија;
- уверение за положени испити од првиот циклус студии, односно од додипломските студии;
- уверение за положени испити од вториот циклус студии, односно од постдипломските студии;
- диплома од првиот циклус студии, односно од додипломските студии;
- диплома од вториот циклус студии, односно од постдипломските студии;
- уверение за познавање на англиски јазик. Познавањето на англиски јазик се докажува со сертификат издаден од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за ниво Б2 според Европскиот јазичен рамковен документ на Советот на Европа, меѓународен сертификат за истото ниво издаден од официјален европски тестер, определен со конкурсот или сертификат за претходно образование – додипломски студии (прв циклус) и/или постдипломски студии (втор циклус) каде што студиската програма е изведувана на англиски јазик;
- кандидатите кои го завршиле своето високо образование – додипломски студии (прв циклус) и постдипломски студии (втор циклус) во странство, доставуваат нострифицирани документи со кои го докажуваат исполнувањето на условите за запишување на трет циклус студии – докторски студии, како и еквиваленција на оценки доколку системот на оценување е различен од системот во Република Северна Македонија;

годишно здравствено осигурување од матичната држава.

Кандидатите кои ги исполниле условите за упис, можат да се запишат на посакуваната студиска програма, во периодот од крајот на септември, односно почетокот на октомври. Документите за упис се објавени во конкурсите.

## Процедура за нострификација на документи во Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија

### I. ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА НОСТРИФИКАЦИЈА НА ПРЕТХОДНО ЗАВРШЕНО ОБРАЗОВАНИЕ

оригинална диплома за завршено средно образование (заверена со апостил-печат или печат од надлежното Министерство за надворешни работи за земји што не се членки на Хашката конвенција);

две фотокопии од оригиналната диплома (една копија нотаријално заверена);

две копии од дипломата, преведени од овластен судски преведувач во Република Северна Македонија (една копија нотаријално заверена);

оригинални свидетелства за секоја завршена година од средното образование;

две фотокопии од секое оригинално свидетелство (една копија нотаријално заверена);

две копии од секое свидетелство, преведени од овластен судски преведувач во Република Северна Македонија (една копија нотаријално заверена).

### ДРУГИ ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ

1. Барање до Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија

2. Оригинален извод од матичната книга на родените и две фотокопии (за лица што не се родени во Република Северна Македонија)

- две копии од изводот, преведени од овластен судски преведувач во Република Северна Македонија (една копија нотаријално заверена)

3. Оригинален доказ за државјанство и две фотокопии (за лица што не се родени во Република Северна Македонија)

- две копии од доказот за државјанство, преведени од овластен судски преведувач во Република Северна Македонија (една копија нотаријално заверена).

# ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЗАКОНСКИ СТАТУС ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Според Законот за странци во Република Северна Македонија, привремен престој му се одобрува на странец кој има намера да престојува во Република Северна Македонија со цел школување, студирање или учење на јазикот на кој се изведува наставата, а барањето за одобрување на привремен престој се поднесува до Министерството за внатрешни работи. Привремен престој со цел за образование или студирање се одобрува за период до една година и може да се продолжи.

## 1. Како да го регулирате престојот во Република Северна Македонија?

## Процедурата за барање за одобрување на привремен престој во Република Северна Македонија опфаќа:

- Привремена дозвола за престој се издава врз основа на барање од странец кој има намера да престојува во Република Северна Македонија.
- Со барањето за привремена дозвола за престој, странецот е должен да достави валиден и признат патен документ (пасош) и негова копија заверена на нотар.
- Превод од овластен судски преведувач во Република Северна Македонија (една копија нотаријално заверена), на страницата од пасошот каде што се наведени податоците за лицето.
- Пасошот мора да биде со важност најмалку три месеци од планираниот датум на заминување од земјата.
- Потврда за жителство за моментална адреса, издадена од Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија.
- Уверение за неосудуваност со апостил (заверено со апостил-печат или печат од надлежното Министерство за надворешни работи за земји што не се членки на Хашката конвенција).
- Договор за изнајмен стан/обезбедено сместување.
- Потврда за редовен студент која, по запишувањето, факултетот му ја издава на студентот дека е запишан на соодветната студиска програма.
- Здравствено осигурување.
- Доказ за обезбедени средства за егзистенција.

По запишувањето, факултетот му издава на студентот потврда дека е запишан на соодветната студиска програма.
Со оваа потврда и договорот за изнајмен стан/обезбедено сместување, студентот поднесува барање до Министерството за внатрешни работи – Сектор за престој на странци.



## Научете го македонскиот јазик!

За кандидати – странски државјани запишани на студиските програми на македонски или англиски јазик на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, се организираат две едногодишни кратки студиски програми за изучување на македонски и англиски јазик во рамки на првиот циклус студии (60 ЕКТС) на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Секоја година, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ќе објавува конкурс за пријавување и запишување на студенти/странски државјани на овие студиски програми.

Студентите странски државјани можат да се запишат на една од овие студиски програми, што ќе им овозможи да добијат сертификат и индекс, со што ќе го регулираат својот престој во Република Северна Македонија согласно со закон. Документите треба да се поднесат во Одделението за студентски прашања на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

Наставата се организира како интензивен курс во зимскиот и летниот семестар и се реализира според кратка студиска програма за изучување на македонскиот/англискиот јазик со 60 ЕКТС. За време на наставата, континуирано се врши испитување на знаењето на слушателите кандидати. По успешно завршена настава и положен завршен испит, кандидатите добиваат сертификат за успешно положен тест по македонски/англиски јазик како странски јазик, издаден од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“.

## УНИВЕРЗИТЕТСКИ ОБЈЕКТИ И ОРГАНИЗАЦИИ

Објектите што Универзитетот ги нуди како на домашни, така и на странски студенти се: Студентска поликлиника и библиотека на секој факултет, покрај централната библиотека.

### Студентска поликлиника

Сите студенти запишани првпат во прва учебна година (прваци) треба да се пријават за задолжителен систематски преглед во Поликлиниката на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, која се наоѓа во Студентскиот дом „Кузман Јосифовски-Питу“, бул. „Митрополит Теодосиј Гологанов“ бр. 58.

Систематскиот преглед вклучува: општ медицински преглед, стоматолошки преглед и лабораториски испитувања.
Систематскиот преглед е задолжителен услов за потврдување на зимскиот семестар.

Странските студенти треба да имаат важечко годишно здравствено осигурување.

## БИБЛИОТЕКИ

Сите факултети на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје располагаат со современо опремени библиотеки и читалници, кои на студентите им обезбедуваат пристап до стручна литература и соодветни услови за учење и истражување.

На студентите им е достапна и Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, која претставува најголема библиотечна установа во Република Северна Македонија. Библиотеката обезбедува пристап до богати печатени и електронски збирки, домашни и странски бази на податоци, како и разновидни информативни и библиографски услуги, со што обезбедува значајна поддршка за студирањето, научноистражувачката работа и доживотното учење.

Користењето на библиотечните ресурси и современите информациски услуги им овозможува на студентите лесен пристап до релевантни извори на знаење и литература потребни за успешно следење на наставата и изработка на академски трудови.

### Каде да се сместите и збор-два за македонската кујна!

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се стреми да им обезбеди на странските студенти пријатна и сигурна средина за живеење и студирање. Во зависност од достапноста на капацитетите, странските студенти можат да бидат сместени во студентските домови или да изберат приватно сместување во Скопје.

Приватното сместување, како изнајмување стан или соба, исто така е достапна опција и им овозможува на студентите поголема самостојност и избор според нивните потреби и можности.

Скопје нуди разновидни можности за исхрана, приспособени на различни вкусови и буџети. Студентите можат да користат студентски ресторани и мензи, каде што се нудат оброци по пристапни цени, но и бројни ресторани, кафулиња и продавници со традиционална и интернационална кујна.

Македонската кујна е дел од богатото културно наследство на земјата и нуди разновидни традиционални јадења, свежи производи и вкусови карактеристични за Балканскиот Регион. Странските студенти ќе имаат можност да пробаат специјалитети како тавче-гравче, ајвар, различни видови сирења, свежо овошје и зеленчук, како и многу други јадења приготвени според традиционални рецепти.

Благодарение на големиот број маркети, ресторани и места за брза и здрава храна, студентите лесно можат да организираат исхрана според своите навики, потреби и финансиски можности. Скопје, како универзитетски град, нуди средина во која странските студенти можат удобно да живеат, да се дружат и целосно да се посветат на своите студии.

## ЗНАМЕНИТОСТИ

### Република Северна Македонија – земја на богато наследство и гостопримливи луѓе





Добре дојдовте во Република Северна Македонија – мала, но богата земја со историја, култура и природни убавини, во срцето на Балканот. Како странски студент на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ќе имате можност не само да стекнувате академски знаења, туку и да запознаете земја со вековна традиција, разновидно културно наследство и исклучително гостопримливи луѓе.

Република Северна Македонија се наоѓа во Југоисточна Европа и претставува крстопат на различни цивилизации и култури. Нејзината историја се протега низ античкиот период, времето на Римската Империја, Византија и отоманскиот период, оставајќи бројни траги кои денес се дел од богатото културно наследство на земјата.

Главен град на државата е Скопје, административен, политички, економски и универзитетски центар, каде што се наоѓа Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – најстариот и најголем универзитет во земјата. Скопје е град со уникатен спој на историски знаменитости, современ начин на живот и динамична студентска атмосфера.

Земјата е позната по своите природни убавини – планини, езера, реки и национални паркови. Особено се издвојуваат Охридското Езеро, едно од најстарите и најдлабоките езера во Европа, кое заедно со градот Охрид е под заштита на UNESCO како светско природно и културно наследство, како и националните паркови: Национален парк „Маврово“, Национален парк „Галичица“ и Национален парк „Пелистер“.

Посетителите и студентите можат да уживаат во богатата македонска кујна, традиционалната музика, фестивалите и бројните културни настани. Градовите и населените места низ земјата нудат различни можности за истражување – од антички локалитети и средновековни манастири, до современи културни центри и места за одмор.



Една од најголемите вредности на Република Северна Македонија се нејзините луѓе – познати по својата топлина, отвореност и подготвеност да им помогнат на гостите да се чувствуваат добредојдени. Странските студенти кои ќе престојуваат во земјата ќе имаат можност да создадат нови пријателства, да запознаат различни култури и да стекнат искуства што ќе ги паметат долго по завршувањето на студиите.

Република Северна Македонија е земја која нуди можност за учење, истражување и откривање – место каде што се среќаваат традицијата и современоста, создавајќи пријатна и инспиративна средина за студентски живот.

## Скопје – градот на мостовите, историјата и современиот дух

Добре дојдовте во Скопје – главниот град на Република Северна Македонија и град со богато историско наследство, различни културни влијанија и уникатен спој на традицијата и современиот начин на живот. Како студент на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ќе имате можност не само да стекнувате знаења и академски искуства, туку и да го запознаете градот кој со векови претставува место каде што се среќаваат различни култури, народи и цивилизации.

Една од најпрепознатливите знаменитости на Скопје е Камениот мост, симболот на градот и едно од неговите најзначајни обележја. Изграден во XV век, мостот ги поврзува двата брега на реката Вардар и претставува историска врска меѓу старата и новата градска целина. Прошетката преку Камениот мост, особено во вечерните часови, нуди прекрасен поглед кон плоштадот „Македонија“ и градскиот пејзаж.

Во непосредна близина се наоѓа Старата скопска чаршија, една од најстарите и најголеми чаршии на Балканот. Со своите тесни улички, традиционални

занаетчиски дуќани, ресторани и кафулиња, чаршијата е место каде што историјата сè уште се чувствува во секој агол. Таа е сведоштво за богатото културно наследство на Скопје и за вековната поврзаност на различни заедници кои живееле и твореле во градот.

Над Скопје се издигнува Скопското кале, тврдина со вековна историја која нуди прекрасен поглед кон градот и околните планини. Калето било значаен одбранбен и стратешки пункт низ различни историски периоди, а денес е омилено место за прошетки, културни настани и запознавање со минатото на градот.

За љубителите на природата, Водно е една од најпопуларните дестинации во Скопје. Планината Водно, која се наоѓа веднаш до градот, претставува идеално место за одмор, рекреација и уживање во природата. На нејзиниот врв се наоѓа Милениумскиот крст, еден од најголемите крстови во светот, кој е видлив од речиси сите делови на градот. Од врвот на Водно се протега прекрасна панорама на Скопје и неговата околина.

Само на кратко растојание од градот се наоѓа Кањонот Матка, едно од најубавите природни богатства во околината на Скопје. Со своите стрмни карпи, чистото езеро, пештерите и манастирите, Матка е омилено место за пешачење, кајакарење и истражување на природата.

Скопје е и град на културата и уметноста. Музеите, галериите и културните центри нудат можност за запознавање со историјата, традицијата и современото творештво на Македонија. Посебно значење има Музејот на македонската борба, како и Музејот на современата уметност, кој располага со вредна колекција на дела од домашни и странски автори.

Посебно место во културната меморија на Скопје има споменикот и меморијалната куќа посветени на Мајка Тереза, родена во Скопје во 1910 година, добитничка на Нобеловата награда за мир и една од најпознатите хуманитарки во светот.

Скопје не е само град на историски споменици – тоа е жив и динамичен студентски град. Благодарение на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, бројните кафулиња, ресторани, фестивали и културни настани, градот нуди пријатна средина за студирање и дружење. Тука студентите од различни земји имаат можност да запознаат нови пријатели, да искусат различни традиции и да создадат спомени кои ќе ги носат со себе долго по завршувањето на студиите.

Скопје е град кој не се открива само преку своите знаменитости, туку и преку гостопримството на неговите жители, неговата енергија и неповторливиот спој на минатото и сегашноста. За секој странски студент, престојот во Скопје е можност да запознае нова култура, да стекне вредни искуства и да стане дел од една отворена и разновидна академска заедница.

## Анекс 1

## Студиски програми од прв циклус студии на англиски јазик

| ФАКУЛТЕТИ<br>- СТУДИСКИ ПРОГРАМИ - | Школарина за странски студенти (во евра – за 60 ЕКТС) |
|---|---|
| **Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство** | 2300 |
| Софтверско инженерство и информациски системи на англиски јазик – 6 или 8 семестри | 2300 |
| **Технолошко-металуршки факултет** | 2500 |
| Металуршко дигитално инженерство на англиски јазик | 2500 |
| Дизајн и инженеринг на облеката на англиски јазик | 2500 |
| Дизајн и менаџмент на технолошки процеси на англиски јазик | 2500 |
| Инженерство на материјали и нанотехнологии на англиски јазик | 2500 |
| **Правен факултет „Јустинијан Први“** | 2000 |
| Политички студии (на англиски  јазик) | 2000 |
| **Филозофски факултет** | 1000 |
| International and intercultural studies | 1000 |
| **Медицински факултет** | 5000 |
| Општа медицина на англиски јазик<br>(Интегриран прв и втор циклус - 12 семестри) | 5000 |
| **Фармацевтски факултет** | 5000 |
| Интегрирани студии од прв и втор циклус по фармација на англиски јазик | 5000 |
| **Стоматолошки факултет** | 5000 |
| Дентална медицина на англиски јазик (12 семестри) | 5000 |
| Стручни забни техничари на англиски јазик (6 семестри) | 5000 |
| **Факултет за ветеринарна медицина** | 4000 |

| | |
|---|---|
| Ветеринарна медицина на англиски јазик (интегрирани студии од I и II циклус)<br>(12 семестри) | 4000 |
| **Факултет за музичка уметност** | |
| Музичка интерпретација на англиски јазик | 2300 |

## Студиски програми од прв циклус студии на македонски јазик

| ФАКУЛТЕТИ<br>- СТУДИСКИ ПРОГРАМИ - | Школарина за странски студенти (во евра – за 60 ЕКТС) |
|---|---|
| **Архитектонски факултет** | 2000 |
| Архитектура | |
| **Градежен факултет** | 2000 |
| Градежништво | |
| Геодезија и геоинформатика | |
| Геотехниичко инженерство | |
| **Факултет за електротехника и информациски технологии** | 2000 |
| Електроенергетика, автоматизација и обновливи извори на енергија | |
| Електроенергетски системи | |
| Електроенергетика и проектен менаџмент | |
| Компјутерско системско инженерство, автоматика и роботика | |
| Компјутерски технологии и инженерство | |
| Компјутерско хардверско инженерство и електроника | |
| Телекомуникации и информациско инженерство | |
| **Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство** | 2000 |
| Софтверско инженерство и информациски системи – 6 или 8 семестри | 2000 |

| | |
|---|---|
| Интернет, мрежи и безбедност - 6 или 8 семестри | 2000 |
| Примена на информациски технологии - 6 или 8 семестри | 2000 |
| Информатичка едукација – 8 семестри | |
| Компјутерско инженерство – 6 или 8 семестри | |
| Компјутерски науки - 6 или 8 семестри | 2000 |
| Стручни студии по програмирање – 4 или 6 семестри | |
| **Машински факултет** | 400 |
| Производно инженерство | 400 |
| Термичко и енергетско инженерство | 400 |
| Хидраулично енергетско инженерство | 400 |
| Индустриско инженерство и менаџмент | 400 |
| Материјали, процеси и иновации | 400 |
| Моторни возила, транспорт и механизација | 400 |
| Енергетика и екологија | 400 |
| Мехатроника | 400 |
| Автоматизација и управувачки системи | 400 |
| Индустриски дизајн | 400 |
| **Технолошко-металуршки факултет** | 2000 |
| Металургија | 2000 |
| Неорганско инженерство и заштита на животната средина | 2000 |
| Полимерни материјали | 2000 |
| Дизајн и инженеринг на облеката | 2000 |
| Прехранбена технологија | 2000 |
| Биотехнологија | 2000 |
| Дизајн и менаџмент на технолошки процеси | 2000 |
| Инженерство на материјали и нанотехнологии | 2000 |
| Металуршко дигитално инженерство | 2000 |
| Двогодишни студии – металургија | |
| **Природно-математички факултет** | 1500 |
| Студиски програми по биологија (8 семестри) | - |
| - биохемија и физиологија | - |

| | |
|---|---|
| - биологија-наставни кадри за средно образование | - |
| - нутриционизам | - |
| -молекуларна биологија со генетика | - |
| - екологија и животна средина<br>(6 семестри) | - |
| Студиски програми по географија<br>(8 семестри) | 1500 |
| - наставна географија | - |
| - туризам | - |
| Студиски програми по етнологија и антропологија<br>(8 семестри) | 1500 |
| -етнологија и антропологија | |
| -менаџмент и заштита на културно наследство | |
| Студиски програми по математика<br>(8 семестри) | 1500 |
| - наставна математика | |
| - теориска математика | |
| -актуарска и финансиска математика | |
| -применета математика | |
| -математика-информатика | |
| Студиски програми по физика<br>(8 семестри) | 1500 |
| - наставна физика | |
| - применета физика | |
| - теориска физика | |
| - медицинска физика | |
| - астрономија и астрофизика | |
| - геофизика и метеорологија | |
| Студиски програми по хемија<br>(8 семестри) | 1500 |
| - наставна хемија | |
| - применета хемија | |
| - применета хемија - аналитичка биохемија | |
| Двопредметни студии<br>(8 семестри) | - |

| | |
|---|---|
| - Математика – физика | |
| -Биологија – хемија | - |
| **Економски факултет** | 1500 |
| Е-бизнис | |
| Економија | |
| Маркетинг | |
| Менаџмент и претприемништво | |
| Меѓународна трговија | |
| Сметководство и ревизија | |
| Финансии | |
| **Правен факултет „Јустинијан Први“** | 2500/2000 |
| Правни студии | |
| Политички студии<br>(на македонски јазик) | |
| Новинарство | 2500 |
| Односи со јавноста | 2500 |
| **Филозофски факултет** | 1000 |
| Филозофија | |
| Педагогија | |
| Социологија | |
| Психологија | |
| Историја | |
| Историја со архивистика | |
| Историја на уметноста | |
| Археологија | |
| Класична филологија | |
| Безбедност | |
| Одбрана | |
| Социјална работа и социјална политика | |
| Специјална едукација и рехабилитација | |
| Родови студии | |
| Семејни студии | |
| Андрагогија | |

| | |
|---|---|
| Приватна и корпоративна безбедност | |
| Меѓународни и интеркултурни студии | |
| Грчки јазик и класична филологија* | |
| **Филолошки факултет „Блаже Конески“** | 800 |
| -македонски јазик и книжевност (наставна насока) | |
| - македонска книжевност и култура (наставна и културолошка насока) | |
| - албански јазик и книжевност (наставна насока) | |
| - албански јазик и книжевност (преведувачко-толкувачка насока) | |
| - турски јазик и книжевност – (наставна насока) | |
| - турски јазик и книжевност – (културолошка насока) | |
| - француски јазик –наставна и преведувачко/толкувачка насока (со можност за почетно ниво) | |
| - двопредметна по француски јазик и книжевност со романски јазик и книжевност – (филолошка насока) | |
| - романски јазик и книжевност- (преведувачка насока) | |
| - руски јазик (наставна и преведувачка насока) (почетно ниво) | |
| -полски јазик и книжевност (почетно ниво) | |
| - славистички студии – (руски, полски, чешки, словенечки јазик (почетно ниво) | |
| - германски јазик и книжевност (наставна и преведувачко – толкувачка насока) | |
| - англиски јазик и книжевност (наставна и преведувачко – толкувачка насока) | |
| - општа и компаративна книжевност (наставна и културолошка насока) | |
| Преведување и толкување | |
| (преведувачка насока)<br>-англиски/француски<br>-англиски/германски | |
| (преведувачка насока)<br>-француски/англиски<br>-француски/германски | |

| | |
|---|---|
| (преведувачка насока)<br>-германски/англиски<br>-германски/француски | |
| (толкувачка насока)<br>-англиски/француски<br>-англиски/германски | |
| (толкувачка насока)<br>-француски/англиски<br>-француски/германски | |
| (толкувачка насока)<br>-германски/англиски<br>-германски/француски | |
| - италијански јазик и книжевност (наставна насока) | |
| -применети странски јазици англиски,француски, германски/италијански<br>(шест семестри) (со можност за двојна диплома) | |
| **Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“** | 800 |
| Одделенска настава | |
| За наставници во паралелки на македонски јазик | |
| За наставници во паралелки на албански јазик | |
| За наставници во паралелки на турски јазик | |
| Предучилишно воспитание | |
| За воспитувачи во групи на Македонски јазик | |
| За воспитувачи во групи на Албански јазик | |
| За воспитувачи во групи на Турски јазик | |
| Библиотекарство | |
| **Факултет за физичко образование, спорт и здравје** | 1200 |
| Физичко и здравствено образование (8 семестри) | 1200 |
| Академски студии за спортски тренери (6 семестри) | 1200 |
| **Медицински факултет** | 1000/3000 |
| Општа медицина (Интегриран прв и втор циклус -12 семестри) | 3000 |

| | |
|---|---|
| Тригодишни стручни студии за медицински сестри/ техничари (6 семестри) | 1000 |
| Тригодишни стручни студии за радиолошки технолози (6 семестри) | 1000 |
| Академски студии за логопеди (8 семестри) | 1000 |
| Тригодишни стручни студии за физиотерапевти (6 семестри) | 1000 |
| Тригодишни стручни студии за медицинско –лабораториска дијагностика (6 семестри) | 1000 |
| Тригодишни стручни студии за дипломирана акушерка/ акушер (6 семестри)* | 1000 |
| Тригодишни стручни студии за дипломиран оптометрист (6 семестри) | 1000 |
| **Фармацевтски факултет** | 2000 |
| Интегрирани студии од прв и втор циклус по фармација – (10 семестри) | 2000 |
| Диететика со диетотерапија (6 семестри) | 2000 |
| Лабораториско биоинженерство (6 семестри) | 2000 |
| **Стоматолошки факултет** | 3500/5000 |
| Дентална медицина (12 семестри) | 3500 |
| Стручни забни техничари (6 семестри) | 3500 |
| Стручни стоматолошки сестри - орални хигиенолози (6 семестри) | - |
| **Факултет за земјоделски науки и храна** | 1000 |
| Поледелство | |
| Градинарство и цвеќарство | |
| Агроекологија | |
| Заштита на растенијата - фитомедицина | |
| Квалитет и безбедност на храна | |
| Агроекономика | |
